Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

- БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ -

**Архивски број :** 04 - 868/11
03.10.2019 **год.**

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018) директорот на Бирото за регионален развој донесе

ОДЛУКА
за избор на кандидат по интерен оглас бр. 02/2019 за унапредување на административни службеници во Бирото за регионален развој

1. Врз основа на интерниот оглас број 02/2019 заведен под број 04-868/2 од 19.09.2019 година а според Финалните ранг-листи на инревјуираните кандидати со предлог-одлуки за избор на прворнгираните кандидати бр. 04-868/10 од 03.10.2019 година од Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана со Решение бр. 04-868/8 од 03.10.2019 година СЕ ИЗБИРА:

   - За работното место 1: УПР 01 01 Г01 000 Самостоен референт за персонална евиденција, Одделение за стручно-административни работи, Сектор за општи и административни работи – 1 извршител

   - кандидатот Фљамуре Алии.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување на веб страницата на Бирото за регионален развој.

3. Во рок од 5 дена по конечноста на одлуката, ќе се донесе решение за унапредување на административните службеници

## *Образложение*

Директорот на Бирото за регионален развој по добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии бр. 04-318/10 од 26.07.2019 година поднесе барање за започнување на постапка за унапредување на административни службеници бр. 04-868/1 од 19.09.2019 година. Постапувајќи по барањето на ден 23.09.2019 година на својата веб страна и на веб странатa на Агенцијата за


Биро за регионален развој
Министерство за локална самоуправана
Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 20, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3121350
www.brr.gov.mk

администрација објави интерен оглас бр. 02/2019 за пополнување на едно (1) работно место по пат на унапредувања

По објавениот интерен оглас, Бирото за регионален развој врз основа на член 50 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 80/2016, 127/2016, 142/2016, 2/2017, 16/2017, 11/2018) формира Комисија за селекција за унапредување на административни службеници. Комисијата при спроведување на постапката на административната селекција изврши проверка на внесените податоци во пријавата со општите и посебни услови објавени во интерниот оглас и состави Записник од административна селекција за интерен оглас бр 04-868/9 од 03.10.2019 година.

По спроведената административна селекција со уредните кандидати се спроведе интервју. Врз основа на спроведеното интервју Комисијата состави финална ранг-листа со предлог за избор на кандидати за унапредување за работните места бр. 04-868/10 од 03.10.2019 година. Врз основа на Финалната ранг-листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираните кандидати, Директорот на Бирото за регионален развој донесе одлука за избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката да поднесе жалба до Агенцијата за администарција.

**Директор,**
**Ramiz Rexhepi**

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидати
- персонално досие на кандидатот
-архива



Биро за регионален развој
Министерство за локална самоуправана
Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 20, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3121350
www.brr.gov.mk